**аутомакедонија**

Аутомакедонија АД Скопје
16 Мак. бригада Бр. 2, Скопје, Македонија
Тел: +389 2 3103 150, +389 2 3103 150
automak@automakedonija.com.mk
www.automakedonija.com.mk

Бр:

Друштво за внатрешен и надворешен промет
АУТОМАКЕДОНИЈА АД
Бр. 05-4216/1
29-08-2019 20 год.
СКОПЈЕ

27.08.2019, Скопје

**До: МАКЕДОНСКА БЕРЗА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ АД СКОПЈЕ**

Предмет: **ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ПРЕЗЕНТИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

Врска: **Финансиски извештаи – поединечни, неконсолидирани, неревидирани (01.01.2019 – 30.06.2019)**

Почитувани,

Во врска со објавените годишни неревидирани, неконсолидирани финансиски извештаи (Биланс на успех, Биланс на состојба, Извештај за парични текови, Извештај за промена во капиталот) за период 01.01.2019 – 30.06.2019 година за Аутомакедонија АД Скопје, доставуваме кратки појаснувања кон резултатите, воедно согласно последното известување од МБХВ Скопје од 03.08.2018 за измена и дополнување на Правилата за котација бр.02-830/1 од 19.06.2018:

Прикажаните финансиски резултати и финансиски состојби на компанијата Аутомакедонија АД со 30.06.2018 се презентирани согласно објективните финансиски параметри и согласно финансиско – сметководствена политика и стратегија на финансискиот менаџмент со воедно директно применување на финансиско - сметководствените политики и меѓународните сметководствени стандарди. Промени на сметководствените политики во овој период не се направени. Преглед финансиските резултати даваат детален финансиски извештај и споредба на финансиското работење за Аутомакедонија АД Скопје во две последователни години за истиот период.

## БИЛАНС НА УСПЕХ

- АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје во периодот 01.01.2019 – 30.06.2019 година согласно презентираниот извештај оствари позитивен финансиски резултат во износ **10.443.332,00 мкд нето добивка.**

Согласно презентираните финансиски резултати за двете последователни години евидентно е

- **Зголемувањето на вкупните оперативни приходи** за 11% во однос на истиот период претходната година, со зголемување на приходите од продажба за 13%

- Оперативните расходи во 2019 година се зголемени за 10% во однос на истиот период 2018 година. како директен резултат на напоредно зголемување на набавната вредност на продадени производи аналогно на зголемување на приходите од продажба, зголемување на трошоците за амортизација за 8%, трошоците за вработени за 9% и еднократен непредвиден трошок за одреден спор со Агронова во износ од 1.100 илјади мкд.

- Оперативната добивка во 2019 година е зголемена за 37% во однос на истиот период 2018 година, како директен резултат на зголемување на приходите од продажба и целосна контрола со можност за намалување на непродуктивните трошоци.

- Нето финансискиот резултат во 2019 во однос на истиот период претходната година 2018 е зголемен за 5%, и покрај намалените финансиските приходи (односно приходи од вложувања во поврзани друштва – дивиденди) се намалени во 2019 г во однос на истиот период 2018 г за 34% и финансиските расходи се зголемени за 11% во 2019 г. однос на истиот период 2018 г поради ефектуирање на инвестициони активности објавени и презентирани во годишниот извештај на Аутомакедонија АД и усвоени на Годишното Собрание.

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

- АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје во 2019 година оствари зголемување на вкупната актива и пасива од 3% во однос на 2018 година.

    - Генерално најголемо зголемување поради инвестициските активности има остварено во Материјалните средства во 2019 од 2%, и зголемување на вредноста на недвижности за 3%. Зголемување на Тековните средства од 7% во најголем дел поради зголемување на залихите за 9%, намалување и контрола на побарувања од купувачи за 12% и зголемување на паричните средства и парични еквиваленти. Со тоа се зголемува вредноста на обртниот капитал а воедно и во самиот паричен тек е видлив позитивниот паричен тек од оперативно работење.

    - Вкупните обврски се зголемени за 4% во најголем дел поради зголемување на тековните обврски за 10% , но намалување на долгорочните обврски за 3% поради започнување на отплата на долгорочните кредити во претходниот период повлечени за инвестициони активности во 1.- Реконструкција на Сервисот за стопански возила во Стаклара, 2. - Реконструкција на деловната зграда на Аутомакедонија АД во Центар, 3. – Изградба на деловен сервисно изложбен административен центар во населбата Злокуќани , пред Хубо, кои се финансирани преку инвестициони долгорочни кредити. Истото може да се види и преку параметрите на презентираниот паричен тек во состав на овој извештај во делот на парични текови од финансиски активности.

    - Вкупниот капитал и резерви се зголемени за 3% во 2019 година во однос на 2018 година на име зголемени резерви и акумулирана добивка.

- **Долгорочните кредити** (во целосен дел наменски за превземените инвестициони активности во 2017 и 2018 година) преку ануитетните обврски, краткорочните кредити и обврските спрема добавувачи навремено се сервисираа и воедно се води соодветна политика за контрола и редовна анализа во однос на наплата на побарувањата и контрола на ликвидноста на компанијата. Немаме случаи на покренати тужби по основ на неподмирување на обврски од трети лица или пак било какви останати спорови и воедно немало правна реперкусија или блокада. Паричниот тек од оперативни активности на друштвото е позитивен.
- Воедно друштвото Аутомакедонија АД Скопје има доминантно учество во капиталот на повеќе друштва во земјата и во странство кои се презентирани во овој извештај. Нема нови вложувања во 2019 година.
- Исполнувањето на планот е контролиран преку кварталните и семестралните менаџерски извештаи и колегиуми за утврдување на динамиката и насоката за понатамошни активности. Во однос на приходната страна планот за Н1 2019 година е исполнет со 97%.
- **Одлука за не распределување на дивидендата** за 2018 година во 2019 година донесена на Собранието на акционери на 28.06.2019 година, директно придонесува за зголемување на капиталот на Друштвото и акционерите посебно во период на поголеми инвестициони активности е најсоодветна финансиско економски оправдлива одлука.

ПРИЛОГ : ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ – ПОЕДИНЕЧНИ , НЕРЕВИДИРАНИ – ЗА АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

- БИЛАНС НА СОСТОЈБА
- БИЛАНС НА УСПЕХ
- ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК
- ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ

Со почит,

**Аутомакедонија АД Скопје**
Христина Ружиновска
Директор на финансии

Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД * Скопје *